РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 03-1432/1
23.11 2020 год
ПЕХЧЕВО

# ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Равен 8 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 3 21 + +389 033 441 322
e-mail: opstina_pehcevo@t.mk
www.pehcevo.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М" бр.5/02), член 50 став 1 од Статутот на Општина Пехчево ("Службен Гласник на Општина Пехчево " бр.05/09) и член 29 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), а во врска со член 38 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Градоначалникот на Општина Пехчево, распишува:

## ЈАВЕН ОГЛАС
**за избор на директор на Дом на културата „Јане Сандански" – Пехчево**

Се распишува јавен оглас за избор на директор на Дом на култура „Јане Сандански" – Пехчево.

За директор на установата може да биде избрано лице кои ги исполнува следните услови:

- ✓ е државјанин на Република Македонија;
- ✓ во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- ✓ има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование од областа на образованието науката и културата;
- ✓ има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;

- ✓ да има општа здравствена способност за работното место;
- ✓ да има еден од следниве меѓународно признат сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)

Кон пријавата кандитатите е потребно да ги достават следните документи:

- ✓ доказ за државјанство;
- ✓ доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постар од 6 месеци);
- ✓ доказ за завршено високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на областа на образованието науката и културата;
- ✓ доказ за минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;
- ✓ лекарско уверение за општа здравствена способност како општ услов за засновање на работен однос, потпишано од доктор на медицина специјалист по медицина на труд, издадено од здравствена организација од примарната здравствена заштита која врши дејност медицина на труд;
- ✓ доказ дека поседува еден од предходно наведените меѓународно признат сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години.

Покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, кандидатите потребно е да достават и кратка биографија и предлог на Програма за работа и развој на Дом на култура „Јане Сандански“ Пехчево.

Работното време во Дом на Културата „Јане Сандански“ – Пехчево е од 7:30 до 15.30 часот, од понеделник до петок, 40 работни часа во неделата, а паричниот износ на нето платата изнесува 38.250,00 денари.

Потребната документација кандидатите треба да ја достават во оригинал или копија заверена од нотар.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) работни дена, сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат, не сметајќи го денот на самото објавување

Пристигнатите документи ги прегледува трichlена комисија именувана од Градоначалникот на општината и во рок од 5 дена по истекот на рокот на огласот, целокупната документација ја доставува до Градоначалникот на општината.

Градоначалникот на општината, во рок од 30 (триесет) дена од последниот ден определен за пријавување, донесува одлука за избор на директор.

Ненавремената и некомплетната документација нема да биде предмет на разгледување.

Пријавите со потребната документација, кандидатите треба да ја доставуваат до архивата на Општина Пехчево или по пошта на адреса: „Општина Пехчево„ ул.„Равен“ бр.8 – Пехчево, со назнака „за јавен оглас за избор на директор на Дом на култура "Јане Сандански“ – Пехчево.

Општина Пехчево

Градоначалник

Драган Тренчевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПЕХЧЕВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО